З А П И С Н И К

Од вонредна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево одржа вонредна седница на ден 09.12.2021 година (четврток) со пчеток во 15.оо часот во просториите на Општина Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.

На седницата неоправдано отсутни беа: Крсте Панев, Александра Мадевска, Илми Мусафов, Билјана Ѓоргиева, Билент Исинов,Кристина Нистров,Блаже Коцев

На седницата присуствуваше: Славе Андонов градоначалник на општина Василево и Верче Миткова претставник од одделението за нормативно правни работи.

Согласно член 40 став 4 од Законот за локална самоуправа Претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов даде образложение за оправданоста на причините за свикување на вонредната седница

Претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов пред да го предложи дневниот ред за работа на вонредната седницата. Рече дека причина за свикување на вонредна седница рече дека Советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението да го разгледа иодлучи по решението на градоначалникот

Претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја стави на гласење оправданоста на причините за свикување на вонредната седница, од 8 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема при што констатира Советот на општина Василево оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница на Советот на општина Василево е усвоена.

За работа на вонредната седницата беше предложен следниот дневен ред

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. **Разгледување на Решението за запирање на објавување на Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ„ Прва Радост“ Василево бр, 08-1613/1 од 26.11.2021 и донесување на соодветен заклучок**

Дневниот ред за работа на Советот на општина Василево на вонредната седница на Советот на општина Василево беше ставен на гласење од 8 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка: Разгледување на Решението за запирање на објавување на Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ„ Прва Радост“ Василево бр, 08-1613/1 од 26.11.2021 и донесување на соодветен заклучок, за збор се јави Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево предложи да се донесе соодветен Заклучок за непотврдување на Решението за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈОУГД„ Прва Радост“ Василево.

Немаше друг пријавено за збор Заклучок за непотврдување на Решението за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈОУГД„ Прва Радост“ Василево беше ставен на гласење од од 8 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот Ристо Делјанов ја затвори вонредната седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на Општина Василево

Претседател:

Ристо Делјанов